РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА
Примено: [illegible]

| Организ.ед. | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 09 | 27 | 31 | |


**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**

**ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ**
**НА ПАТИШТАТА – ГЕВГЕЛИЈА**

# И З В Е Ш Т А Ј

**за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата**
**во Општина Гевгелија за период декември 2024 - август 2025 година**

**Гевгелија, Декември 2025 година**

## ВОВЕД

Согласно Член 28 став 1 од Статутот на општина Гевгелија, член 7 од законот за безбедност на советот на патиштата во општина Гевгелија легитимно функционира и успешно работи Општинскиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата. Како основна задача има за цел да го унапредува и развива сообраќајното образование, воспитание, култура и етика кај сите институции и учесници во сообраќајот.

Сообраќајната култура и свест претставува сублимат на почитување на правилата и прописите во сообраќајот и претставува одраз на општетствена одговорност на сите институции кои имаат клучна улога во имплементација на принципите во безбедноста на сообраќајот во секој аспект.

Наша заедничка мисија е да создадеме идна генерации што ќе знаат:
-да почитуваат;
-да ценат;
-да вреднуваат се она што е од заеднички општествен интерес.

## РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

### 1. Теренски активности ( градско подрачје) <u>23.12.2024 година</u>

Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата ја реализира активноста како дел од кампањата „Вози одговорно, патувај безбедно, користи зимска опрема".
Кампањата беше реализирана во соработка со МВР - Гевгелија, ОПБСП – Гевгелија со целокупна подршка од РСБСП. Кампањата имаше за цел да им укаже на возачите од опасностите кои најчесто се случуваат на патиштата во зимскиот период, како последица на некористење на соодветна зимска опрема. Вооедно возачите беа советувани за тешките последици по животите на возачите и нивните сопатници, доколку не се почитуваат правилата и законските прописи и поставената патна сигнализација. За таа цел беа доделини флаери и различен рекламен материјал со сообраќајна содржина.

### 2. Теренски активности ( градско подрачје) <u>14.02.2025 година</u>

Оптинскиот совет заедно со МВР – Гевгелија и РСБСП реализираа заедничка активност на Булевар Гевгелија со назив на кампањата : „Алкохолот и воланот не се добри пријатели". Целта беше да им се укаже на возачите дека

алкохолот не само што ја загрозува личната безбедност исто така и безбедноста на другите учесници во сообраќајот. За таа цел беа поделувани материјали од областа на сообраќајот со едукативна содржина.

3. **Теренски активности ( градско подрачје)** **<u>14.02.2025 година</u>**

По повод празникот Св.Трифун и Св. Валентин, РСБСП организираше кампања под мото „Алкохолот и воланот не се добри пријатели". За таа цел ОПБСП- Гевгелија и МВР-Гевгелија ја реализираа кампањата во градското подрачје на Булервар Гевгелија. Имајќи во предвид дека на тој ден се закројуваат лозјата и се прославува со чаша вино, им се укажуваше на возачите за последиците и можните ризици од дејството на алкохолот. Кога се управува со алкохол ризикот за да се предизвика сообраќајна последица е со зголемена веројатност. Исто така зголемен е ризикот за можни тешки телесни повреди, па дури и смртни случаеви. За таа цел се поделуваше едукативен материјал како флаери, летоци чија цел и тематика беа сообраќајна содржина.

4. **Теренски активности ( градско подрачје)** **<u>08.03.2025 година</u>**

По повод 8ми март – Ден на жените, РСБСП, ОПБСП- Гевгелија и МВР-Гевгелија излеговме на терен во градското подрачје се со цел да им го честитаме празникот на жените возачи, кои ни беа наша целна група. Со честитики, флаери, рекламен материјал, им се укажа за безбедноста во сообраќајот. Целта ни беше да им укажеме да се почитуваат сообраќајните знаци, правилата и прописите што ги налага самиот закон за безбедност.

5. **Теренски активности градски пазар ул. Миле Пецанов <u>17.04.2025 год.</u>**

Имајќи го во предвид метежот што се создава на ул.Миле Пецанов во четврток кога притоа е пазарен ден за жителите на општина Гевлегија, ОСБСП- Гевгелија организираше заедничка активност со МВР- Гевгелија со цел да го ослободиме метежот кој го попречува непрекинатиот сообраќај тој ден од неделата. За таа цел РСБСП организираше кампања „Сите ние сме пешаци, паркирај одговорно". За тоа се делеа флаери, рекламен материјал, брошури со поучна и едукативна содржина кои се однесуваа на пешаците и возачите на моторни возила. Метежот кој се создава тој ден од неделата на ул. Миле Пецанов ни даде мотив за ОПБСП- Гевгелија да донесе таков предлог да истоимената улица биде едносмерна ама само во четврток од 8:00- 16:00 часот. Предлогот беше поддржан од МВР-Гевгелија како

предлагач на истиот предлог. Исто така предлогот на пленарна седница на Советот на оптшина Гевгелија беше едногласно усвоен.

6. **Теренски активности ( градско подрачје булевар Гевгелија)-<u>08.05.2025 година</u>**

   Честите сообраќајни незгоди во градското подрачје на општина Гевгелија беше доволен повод, да ОПБСП- Гевгелија уште повеќе се ангажира на терен во градската средина во соработка со МВР- Гевгелија, а подржани од РСБСП. Целта беше да се укаже на управувачите на електричен тротинет, велоспедистите, моторциклистите, возачите дека доколку не користат заштита опрема диретно го загрозува нивниот живот а притоа и животот на пешаците. Компликацијата би можела да биде со тешки инвалидитети или пак и смртоносни последици. Исто така укажувавме да не се користи мобилниот телефон додека се управува со самото моторно средство затоа што дел од секунда може да предизвика значајни последици по нивното здравје. Исто така им се напоменуваше дека алкохолот и воланот се смртоносни пријатели. Се доделуваше флаери, летоци, пропаганден матријал со поучни совети за почитување на правилата и прописите на сообраќајот

7. **Теренски активности ( градско подрачје булевар Гевгелија)-<u>08.05.2025 година</u>**

   Честите сообраќајни незгоди во градското подрачје на општина Гевгелија беше доволен повод да ОПБСП- Гевгелија уште повеќе се ангажира на терен во градската средина во соработка со МВР- Гевгелија а подржани од РСБСП. Целта беше да се укаже на управувачите на електричен тротинет, велоспедистите, моторциклистите, возачите дека доколку не користат заштита опрема дирекно го загрозува нивниот живот а притоа и животот на пешаците. Компликацијата би можела да биде со тешки инвалидитети или пак со смртоносни последици. Исто така укажувавме да не се користи мобилниот телефон додека се управува со самото моторно средство затоа што дел од секунда може да предизвика значајни последици по нивното здравје. Исто така им се напоменуваше дека алкохолот и воланот се смртоносни пријатели. Се доделуваше флаери, летоци, пропаганден матријал со поучни совети за почитување на правилата и прописите на сообраќајот.

8. **СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија** **<u>15.05.2025 година</u>**

Овој месец  повод матурската вечер на матурантите на оштина Гевгелија РСБСП, ОПБСП- Гевгелија и МВР- Гевгелија организираа предавање на тема„ На матурска вечер без автомобил“. Преку видео филм на матурантите им се укажуваше и покажуваше влијанието на алкохолот врз самиот организам на самиот возач но и на последиците на сувозачот и патниците во истото возило. Видео филмот интерактивно го презентираа претставници на МВР- Гевгелија а потоа беа вклучени и матурантите во интерактивна дискусија. Целта беше од предавањето и видео филмот да се извлече поучна поука. Исто така им посакавме на матурантите среќа во натамошниот успех и внимани во иднина не само како активни возачи туку и како сограѓани.

9. **ООУ„Владо Кантарџиев“- Гевгелија** **<u>31.05.2025 година</u>**

Во склоп со програмата и програмските активности за 2025 година, ОПБСП- Гевгелија и локалната власт на Општина Гевгелија организираа ликовен конкурс под мото „*Цртаме, учиме, возиме*“. Конкурсот беше јавно објавен и достапен до сите основни училишта на Општина Гевгелија со јасно дадени упатства за учество. Конкурсот имаше за цел преку креативност и уметност да ја подигне свеста и културата на учениците во полето на сообраќајот и важноста на здравите навики во животот. Сообраќајната култура и свест претставува сублимат на почитување на правилата и прописите во сообраќајот и одраз на општетствена одговорност на сите образовни институци кои имаат клучна улога во имплементација на прицнипите во безбедноста на сообраќајот од секој аспект. Наша заедничка мисија е да создадеме идна генерација што ќе знаат да почитуваат, да ценат, да вреднуваат се она што е од заеднички интерес.

10. **Теренски активности ( градско подрачје ул. Таља Бикова- спортска сала)** **<u>25.06.2025 година</u>**

Се почестите сообраќајни незгоди во градското подрачје беа повод за се почесто учество на терен од страна на ОПБСП- Гевгелија и МВР- Гевгелија на истоимената улица. Најчести предизвикувачи на сообраќајните незгоди се малолетници кои возат електрични тротинети и притоа не ги почитуваат правилата и прописи иако законот прецисно укажува кои лица имаат право за управување на истото сообраќајно возило, до која воздрат и со која брзина.

Според дадените правила и прописи за користење на електричен тортинет, на учесниците во сообраќајот со овие возила им беа укажани следните работи:

- **Минимална возраст**: електричен тротинет може да управува лице кое навршило четринаесет години.
- **Место на движење**: возачот е должен да го управува тротинетот по велоспиедска патека или велосипедска лента но ако тие не се изградени може да се користи пешачка патека.
- **Органичување на брзина**: на велосипедска патека или лента максималната дозволена брзина е 25км/ч.
- **Забрани**: не смее да превезуваат други лица, не смее да се водат животни, не смее да се користат слушалки или аудио уреди за време на возењето
- **Препораки за безбедност:**да носат заштитен шлем.

11. **Теренски активности ( градско подрачје под подвозникот) 25.06.2025 <u>година</u>**

Зачестените активност организирани од страна на ОПБСП- Гевгелија и МВР-Гевгелија имаа за цел да што повеќе укажеме на значењето на совесното управување на моторциклистите, велосипедистите и користење на заштитна опрема во случајот заштитен шлем кој е основен и редовен реквизит кој за моторциклисите не смее да се заборави. Заштитниот шлем е тој што те штити од удари и повреди при пад или судири. Во рамки на едукативна капмања, беа делени флаери со информативна содржина за безбедно користење на моторните возила. Возачите беа информирани и опоменувани за правилата и препораките на безбедност, без да се издаваат казни. Целта на кампањата беше да се подигне свеста кај граѓаните за безбедно користење на помошните средства, информирање за правилата и препораките за безбедност и да се промовира одговорно однесување во сообраќајот.

12. **Кампања „Вози одморен“- граничен премин Богородица <u>30.06.2025 година</u>**

Во рамки на промовирањето на превентивната кампања за безбеден сообраќај, со слоган ,,Вози одморен“, Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата ја организираа кампањата на граничниот премин Богородица. Во реализирање на кампањата „ Вози одморен“ учествуваа ОСБСП- Гевгелија, Црвен Крст- Гевгелија, МВР- Гевгелија и Гранична полиција – Богородица. Целта на кампањата беше да се укаже на туристите кои транзитираат низ автопатот Е-75, во текот на возењето да одморат и се освежат со бесплатно кафе на бензинските пумпи на „Окта“ кои притоа ни беа учесници во

реализирање на летната кампања. Кампањата беше наменета за туристите кои влегуваат во РСМ, со цел да се подигне свеста за важноста од одморот пред и во тек на возењето и да се информираат за правилата и препораките за бедбедно движње во сообраќајот. Во рамки на кампањата беа доделени флаери со еукативна содржина, мајци, капи, ладна вода и други пропагандни материјали со содржини предвидени за управување на моторни волзила во летен период.

**Кампања „Вози одморен"- граничен премин Дојран** **<u>09.07.2025 година</u>**

Во рамки на превентивната кампања за безбеден сообраќај, со слоганот „Вози одморен„ , ОСБСП- Гевгелија во соработка со МВР- Гевгелија, Гранична полиција – Дојран и Црвениот Крст- Гевгелија, ја организираат кампањата на граничен премин Дојран. Како и на претходната локација на граничниот премин Богородица, кампањата беше насочена кон туристите и возачите кои влегуваат во нашата земја, со цел да се подигне свеста за значењето на одморот пред и во тек на возењето и да се информираат за правилата и препораките за безбедносно однесување во сообраќајот. Во рамки на активностите беа доделени едукативни флаери, бесплатни ваучери за кафе од бензинската пумпа на „Окта", маици, капи и ладна вода, а возачите беа информирани и опоменувани.

13. **Кампања „Вози одморен"- граничен премин Дојран <u>16.08.2025 година</u>**

РСБСП во соработка со МВР-Гевгелија, Општинскиот совет на Гевелија, Црвениот крст и граничната полиција на Дојран во рамки на кампањата „Безбедно во лето, вози одморен", реализираше превентивно едукативна активност како дел од летната кампања. Настаните се реализираа на граничниот премин Дојран и во центарот на Дојран каде со возачите и другите учесници во сообраќајот им беа споделени корисни совети и препораки за важноста на редовно одмарање при долги патувања како и почитување на законските обврси за безбедност во учествување во сообраќајот. Дел од учесниците имаа можност да користат таканаречени „пијани очила". Пијани очила се популарен назив за симулаториски очила кои имитираат ефект на пијанство или опијатско влијание. Со нив се покажува како се нарушува видот, дури и рамнотежата кога некој е под дејство на алкохол. На овој начин од блиску може да ја почуствуваат опасноста и негативното влијание што алкохолот го има врз психофизичката состојба. Исто така им се укажуваше на возачите да одмараат на секои петнаесет минути на секои два часа активно возење, да не се користи мобилен телефон додека се управува со возилото, обавезно користење на заштитен појас, вклучително и оние кои седат во задните седишта. Непочитувањето на оваа обврска ќе се санкционира со глоба според Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

## 14. Кампања „Вози одморен“- граничен премин Дојран 09.09.2025 година

Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата ( РСБСП ) во соработка со ОСБСП , МВР, Црвениот крст и Пограничната полиција –Дојран , ја реализираа кампањата ( Вози одморен –безбедно лето ) како завршница на летната сезона . . Настанот се одвиваше дводелно еден дел на Граничниот премин,а вториот дел во централното подрачје . Целта беше да на возачите им укажеме и препорачаме за внимателно управување со возилото и за важноста на редовно одморање при долги патувања ,како и почитување на законските обврски за безбедност во учествување во сообраќајот . Возачите беа советувани да НЕ користат мобилен телефон додека управуваат со возилото,задолжително користење на заштитен појас, Непочитувањето на оваа обврска ќе се санкционира со глоба според законот за безбедност. Со таа активност ја затворивме летната сезона за 2025 година ,на граничен Премин Дојран ,како активност добиена од Републичкиот совет и Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

## 14. Кампања ,,Вози одморен-безбедно лето“ на ГП богородица

Согласно упатствата што ги добиваме од РСБСП и МВР ја реализиравме кампањата Вози одморен безбедно лето, како завршница на летната сезона 2025 година. Препораките наменети за возачите воглавно беа исти како и на граничниот премин Дојран .Со тоа Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата ( ОСБСП ) успешно ги заврши добиените задачи на двата Гранични премини во Општина Гевгелија.

## 16. Кампања Безбедност во сообраќајот Теренска активност 11. 09. год 2025.

**Ул. М.Пецанов со А.Прешев**

Општинскиот совет за превенција во соработка со МВР Гевгелија , во рамките на своите редовни активности добивани од РСБСП и продолжи со активностите кои се предвидени во текот на целата година. Оваа кампања ја реализиравме се со цел да им укажеме на сите учесници во сообраќајот за безбедноста во сообраќајот и внимателно управување со возилото, велосипедот, електричен тротинет, мотоцикал . Укажувавме на последиците кога не се користат заштитни кациги и заштитен ремен .За таа цел делевме рекламен и едукативен материјал со сообраќајна содрзина ..Акцентот беше ставен на обврските за носење заштитна кацига,почитувањето на дозволените брзини и законските одредби во движењето на оваа категорија учесници во сообраќајот, кои не само што го намалуваат ризикот од повреди, туку директно придонесуваат за безбедноста на сите учесници во сообраќајот .

**17.Кампања спроведена на повеќе локации во Гевгелија на 11. 09. 2025 год.**

Акцентот беше ставен на велосипедистите, возачи на електрични тротинети и мотоциклистите, од причини што оваа категорија на учесници во сообраќајот претежно малди, најмалку ги почитуваат законските обврски поготово во летниот период, не водеќи сметка на последиците од сообраќајни незгоди кои се доста зачестени во нашата општина ,несвесни за последиците кои оставаат трајни последици по нивните животи. ОСБСП заедно со МВР –Гевгелија успешно ја реализира оваа кампања на Булевар Гевгелија – локација МОРАНДО и ул. Таља Бикова.

Со цел подигање на сообраќајната култура и свест пред се на младите им укажувавме на почитување на законските обврски и сообраќајните правила и прописи во безбедноста на сообраќајот, да ја потикнеме младата генерација на почит ,свест и култура во однос на безбедноста на сообраќајот како заедничка одговорност на сите учесници во безбедноста на сообраќајот на патиштата во Општина Гевгелија

**18. КАМПАЊА-ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА МОБИЛНОСТ**

Оваа акција се спроведе заедно со МВР на 16.09.2025 година на три локации во Гевгелија и тоа:
Пазарот во Гевгелија, ул. Таља Бикова и Булевар Гевгелија кај спортската сала.

Целта и содржината на оваа кампања е да што помалку се користат автомибилите во градските средини, на тој начин ќе се спречат незгодите и метежот, непријатностите што се случуваат во урбаните средини каде се чуствува пренатрупаност на моторни возила. Практиките на европските држави е да што повеќе се користи велосипедот како превозно средство во градските средини, од причини што е едноставен превоз од една до друга дестинација , здраствево препорачлив ,еколошки прифатлив на долг период. Рокот на исполнување на кампањата беше обрзувачки во период од седум дена . За таа цел ОСБСП заедно со МВР- Гевгелиа успешно ја реализира оваа кампања во предвидениот рок.

**19. ЗАВРШЕТОК НА КАМПАЊАТА-„ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА МОБИЛНОСТ"**
Спроведена во с. Негорци во периодот од 16.09.2025-22.09.2025 година

Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата (РСБСП) во соработка со ОСБСП и МВР од Гевгелија во населено место Негорци го означија завршетокот на кампањата Европска недела на мобилност, која активно траеше седум дена. Целта на кампањата беше да им укажеме на возачите дека користење на велосипедот и тротинет во градските средини се далеку поефикасни за разлика од автомобилот ( лесно и брзо стигнување до посакуваната дестинација, едноставно паркирање, еколошки посакувано, здрасвено препорачливо и финасиски поисплатливо. Единстено што трба да се поседува е заштитен шлем - кацига која е обрзувачка според законските одредби во РСМ. За таа цел се делеа флаери и летоци со содржини од безбедноста во сообраќајот.

## 20. ЕДУКАТИВНИ ПРЕДАВАЊА НА ТЕМА ПРАВИЛА НА МАЛИТЕ ПЕШАЦИ-ДА ГИ ЗАШТИТИМЕ ДЕЦАТА ВО СООБРАЌАЈОТ

Како дел од Програмата за работа и програмските активности предвидени за 2025 година ОСБСП во соработка со МВР- Гевгелија, преку своите одДели за превенција ја продолживме својата едукативна кампања наменета за најмладите - Да ги заштитиме децата во сообраќајот. Овие активности се спроведуваат во соработка со РСБСП. Основна цел е создавање на позитивни навики и сообраќајна култура кај најмладите учесници во сообраќајот и стекнување знаења за почитување на сообраќајните правила и прописи Предавањата се одржаа во повеќе основни и подрачни училишта во Општина Гевгелија.

## 21.КАМПАЊА ПОД МОТОТО „ПРАВИЛА ЗА МАЛИТЕ ПЕШАЦИ" НАМЕНЕТА ЗА НАЈМЛАДИТЕ ВО ГРАДИНКИТЕ 25.09.2025 ГОД.

Грижата за децата е основна обврска на општесвото ,со цел да им се обезбеди,весел среќен и безбеден детски развој .обврска на родителите ,наставниците и локалната заедница да влијаат на развојот на детската личност. Безбедноста на децата во сообраќајот подразбира едуцирање на децата уште од нај рана возраст за основните правила и прописи во сообраќајот. Децата се нај загрозена категорија во сообраќајот затоа треба да им се помогне,пред се со едукација ,зато што децата не ја познаваат доволно улицата и опасностите што истата ги носи. Накратко тоа значи што порано да се започне со едукација како навреме би ги спречиле последиците од предизвиците што можат да се случат на коловозите. За таа цел РСБСП во соработка со ОСБСП и МВР – Гевгелија ,постојано укажува на клучната и не заменлива улога на родителите ,наставниците ,воспитувачите во едукацијата на децата за безбедноста во сообраќајот. За таа цел организиравме заедничка средба со сите градинки на едно место со цел да ги запознаеме со правилата и сообраќајните знаци што се користат во сообраќајот.

## 22.КАМПАЊА НАМЕТА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ОСНОВНИТЕ И ПОДРАЧНИТЕ УЧИЛИШТА ПОД МОТО „ПРАВИЛА ЗА МАЛИТЕ ПЕШАЦИ"

Кампањата ја започнавме во населено место негорци на 29.09.2025 година со МВР Гевгелија преку своите одели за превенција. Спроведовме едукативната настава која беше наменета за учениците од прво до трето оделение. За таа цел имавме обезбедено видео филм со јасен приказ на секој сообраќаен знак ,претставени возилата за итни инервенции ,и со инерактивна дискусија од страна на преставник од оделот за превенција секој знак и неговото значење беше внимателно објаснето. По завршувањето на приказот на сообраќајните занаци на учениците им се делеше едукативни материјали со сообраќајни содржини воглавно боенки ,буквари, сликивници и песнарки ,се со цел учениците заедно со своите родители ги разгледаат во домашни услови и од сето тоа да се извлечат позитивните пораки од безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Истата кампања се одржа и во ООУ ,,Владо Кантарџиев"-Гевгелија на 30.09.2025 година и во ООУ ,,Крсте Мисирков" на 01.10.2025 година. Почитувајки ја мислата Децата се најголемото богатсво на едно општесво ,Децата се наша иднина тоа ни дава за право и ние сите заедно да вложуваме многу љубов ,енергија и едукација во нивниот раст и правилен развиток за да пораснат во здрави личности кои ќе бидат корисни пред се за себе а исто така и за општеството. Предавањето се спроведе со прожектирање на видео филм и презентацијата на сообраќајните знаци од полицискиот службеник. Секој знак презентиран, објаснуван за неговото значење побудуваше голем интерес кај учениците кои поставуваа прашања . Но она што на нас како ОСБСП . ни беше нај важно да им укажеме на последиците од непочитување на сообраќајните знаци и правила Првичната едукација за нај важните правилаи прописи во сообраќајот е една од најважните лекции кое треба да ги научи секое дете. Материјалот што го добиваме од РСБСП за таа кампања им беше поделен и тоа: букварки , боенки, моливи, боици, гуми, песнарки и друг материјал со сообраќајна содржина што одговара на нивната возраст.
Во подрачното училиште во с. Моин кампањата се спроведе на 01.10.2025 година, во истиот состав и содржини и теми како што се : Научиго значењето на семафорот, Што значи зелената ,жолтата и црвената боја на семафорот, Што значи жолтото човече на пешачкиот семафор, Пешаци деца секогаш да се движат по тротоар, Да не си играат на улица, поминување улица само на пешачки премин. без трчање, златното правило гласи ;ГЛЕДАЈ,ВИДИ, БИДИ ВИДЕН. ОСБСП Гевгелија и МВР , го поделија материјалот што беше подготвен ,флаери, сликовници , пенкала, бојци ,букварки,боенки , гуми и други реквизити со содржини од безбедноста на сообраќајот

## 23. КАМПАЊА: ВОЗИ ОДГОВОРНО СО ТРАКТОРИТЕ И ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ МАШИНИ

Активноста се реализира на Булевар Гевгелија на 15.10.2025 година Голем број граѓани во нашата држава се занимаваат со земјоделие и согласно тоа голем број возачи учествуваат во соораќајот со трактори и други земјоделски машини во текот на бербената сезона кога ги собираат своите производи. За таа цел ОСБСП и МВР од Гевгелија ги потсетувавме возачите на трактори и други земјоделск машини на почитување на основните правила и прописи додека управуваат со тракторот .Укажувавме на последиците доколу тракторот е техички неисправен. За таа цел материјалот што ни го доставува РСБСП им го поделивме на учесниците во сообраќајот и тоа флуорсцентни налепници кои го обележуваат тракторот во вечерните часови, разни брошури ,флаери ротациони светла.

Да користат елечиња,тракорот да е технички исправен, да има светлосна сигнализација и да ги почитуваа законските обврски што се однесува за тракторите и земјоделската машинерија.

## 24.КАМПАЊА: ,,КОРИСТИ ЗИМСКА ОПРЕМА"

Кампањата се одржа пред новиот кружен тек во влезот на Гевгелија на 13.11.2025 година. Согласно одредбите од Правилникот за задолжителна опремана на возилото за безбедно

учесво во сообраќајот на патиштата како законска одредба важи од 15 ноември до 15 март 2026 година. Секое возило кое учествува во сообраќајот на патиштата задолжително треба да ја поседуваат зимската опрема.Апелиравме до возачите да ги почитуваат правилата и прописите пропишани со закон за упавување на моторни возила во зимски услови .Се поделија флаери и рекламен мареијал кој е предвиден за зимската каампања .

Апелиравме да се следат временските услови, прилагодување на брзина,носење зимска опрема,почитување на правила и прописи, зимска проверка на возилото,избегнување нагло запирање.

**25. КАМПАЊА: ВОЗИ ОДГОВОРНО СО ТЕХНИЧКИ ИСПРАВНО ВОЗИЛО 25.11.2025 Г.**

Редовното одржување и техничката исправност на моторните возила преставува клучен предуслов за безбедно учество во сообраќајот со оваа кампања потсетуваме дека технички исправно возило не е само законска обврска, туку и морална и општествена одговорност на секој сопственик на возило. Технички исправно возило е клучно за минимизирање на ризикот од незгоди и подигање на нивото на сообраќајна култура и дисциплина на патиштата. За таа цел техничките прегледи играат клучна улога ,тие се прва линија на контрола и клучна улога во системот на патна безбедност на патиштата.

Апел ,, Редовна проверка на возилото е гаранција за безбедно патување и одговорно учество во сообраќајот. Тоа е заедничка грижа за намалување на бројот на сообраќајни незгоди , кој за жал имаат смртни последици .

Гевгелија, Декември 2025 година

ОСБСП ГЕВГЕЛИЈА
Претседател

**Петар Ташевски**

ГЕВГЕЛИЈА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА
Примено: 16.02.2026

| Организ.ед. | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 09 | 27 | 32 | |

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Република Северна Македонија**
**Општина Гевгелија**
**Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата**
**бр.--------------**
**04.02.2026 год.**
**Гевгелија**

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ**
**За реализација на Програмата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Општина Гевгелија за 2025 година**

На Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Општина Гевгелија, за реализција на своите програмски активности му беа одобрени од Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година финасиски средства во износ од 250.500 ,00 денари.

Финасиските средста се одобрени на 57 пленарна седница на Советот на Општина Гевгелија одржана на 26.02 2025 година.

Советот на Општина Гевгелија на истата седница ,ги усвои Извештајот за работата на ОСБСП за 2024 година и Програмата за работа за 2025 година.

Од одобрените финасиски средства согласно Програмата подигнати се и реализирани 165.000 ,00 ( БРУТО) односно 146,850,00 денари (нето).што значи останатите средства во износ од 85.000 ,00 денари останаа неискористени

Финансиските средства за реализација на Програмските активности на ОСБСП Гевгелија за 2025 година подетално се се прикажани на следниот начин:

| |
| --- |
| **Одобрени средства ---------------------------------------------------------------------------250.500,00** |
| Повлечени/искористени средства----------------------------------------------------------165.000,00 |
| Банкарска провизија за реализирани 165.000,00 11% ------------------------------- 18.150,00 |
| **Потрошени средтсва за реализација на Програмата----------------------------146.850,00**<br>**од кои**:<br>1.За ликовен конкурс<br>- 3 велосипеди за прва награда за освоено прво место на ликовен конкурс---45.500,00<br>- велосипедска опрема и ранци за освоено второ и трето место------------------ 7.410,00<br>- дипломи и благодарници за учесниците на ликовниот конкурс-----------------------800,00<br>**Вкупно-=----------------53.710,00**<br>2.Репрезентација---------------------------------------------------------------------------------7.580,00<br>**Вкупно 1+2-------------61.290,00** |

3.Организирани и реализирани кампањи

- Граничен премин Стар Дојран-реализирани три кампањи----------------------------12.000,00

Ангажирани две студентки (2x1.000ден.x3 дена=6.000 ден.)

Ангажирани 4 членови на Советот (4x 500 x 3 дена = 6.000 денари)

- Граничен премин Богородица- реализирани три кампањи--------------------------12.000,00

Ангажирани две студентки (2x1.000ден.x3 дена=6.000,00 ден.)

Ангажирани 4 членови на Советот (4x 500 x 3 дена = 6.000,00 денари)

**Вкупно-------------------- 24.000,00**

4. Останатите средства во износ од 61.560,00 денари, се средтсва кои ОСБСП Гевгелија се потрошени во текот на 2025 година , за реализација на организирани 25 кампањи на подрачјето на Општина Гевгелија на повеќе локации на општинските патишта и улици, како и во населените места.

Вкупно потрошени средства за реализација на Програмата ( 1+2+3+4)------------146.850,00

Банкарска провизија-----------------------------------------------------------------------------18.150,00

**Се вкупно-----------------------------------------------------------------------------------------165.000,00**

05.02.2026 година
Гевгелија

ОСБСП Гевгелија
Претседател
**Петар Ташевски**